ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15 – 221/9**

**Дата:** 18.07.2013

**ДО**
**УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Управниот суд Скопје (во понатамошниот текст УС) на сметка на основен буџет (603) за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Управниот суд Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.
За финансиските извештаи за 2012 година на УС изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај Биланс на состојба, позитивно мислење за финансискиот извештај Биланс на приходите и расходите и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизија констатирано е дека не е извршено инсталирање на мерачи за утврдување на реалната потрошувачка на струја, вода, греење и ладење и пропишани критериуми за нивна распределба во просториите кои ги користи Управниот суд. Воедно констатирани се слабости на начинот на извршениот попис и активностите кои се превземени по истиот.
Извршивме обелоденување во врска со необезбедувањето на потребните средства за финансирање на судската власт, недоволен број на пополнети работни места во однос на предвидениот број (пополнетост од 32,85%), не е презентиран акт донесен од Владата на Република Македонија и не е склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Управниот суд и државни органите за отстапените движни ствари со податоци за вредноста на истите.
За надминување на утврдената состојба законскиот застапник на УС на ден 17.05.2013 година се обрати до Министерството за правда со кое го информира за потребата од преземање на потребните активности.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-221/4 од 04.06.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (603) на Управниот суд Скопје, која се состои од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Управниот суд Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Исамедин Лимани, претседател на УС од 30.11.2011 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на УС се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2013 година до 19.04.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на УС, одржан на ден 17 мај 2013 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-221/4 од 04.06.2013 година.

### 3.1. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.1.1. Заради обезбедување на просторни услови за работа на Управниот суд Министерството за правда на Република Македонија[1] склучило договор за закуп[2] со АД за поштански сообраќај „Македонска Пошта“ во државна сопственост Скопје. Со одребите од член 4 од договорот е уредено дека „комуналните трошоци (струја, вода, греење и ладење) ќе ги плаќа Управниот суд паушално по 2 евра од 1м$^2$. Во отсуство на инсталирани мерачи за утврдување на реалната потрошувачка на струја, вода, греење и ладење и пропишани критериуми за нивна распределба, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните неподмирени обврски по овој основ кои со состојба на 31.12.2012 година се во вкупен износ од 2.687 илјади денари (износ од 896 илјади денари по 6 месечни фактури од 2011 година и износ од 1.791 илјада денари по 12 месечни фактури од 2012 година). Учество на наведениот износ на обврски во вкупните обврски на име обврски кон добавувачите во земјата е 86%, што има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на податоците искажани во Билансот на состојба.

Напоменуваме дека важноста на договорот за закуп (со анексите) е до 01.01.2013 година.

По одржување на завршниот состанок за извршената ревизија законскиот застапник на УС на ден 17.05.2013 година писмено се обрати до Министерството за правда како надлежно министерство согласно одредбите на член 83 од Законот за судовите, со кое го информира за потребата од превземање на потребните активности за надминување на утврдените состојби.

**Препорака**

Министерството за правда на Република Македонија да превземе мерки и активности за надминување на утврдените состојби, водејќи сметка договорот за уредувањето на меѓусебните односи да содржи конкретни и јасни критериуми за утврдување на реалните трошоци.

[1] во член 121 од Законот за судовите е пропишано дека „Министерството за правда ќе обезбеди просторни услови за функционирање на Управниот суд“.

[2] склучен на ден 16.04.2007 година; анекс 1 од 29.12.2009 година (за зголемување на користената површина на деловниот простор; анекс 2 од 06.05.2011 година (за продолжување на периодот на важноста на договорот), и анекс 3 од 18.05.2012 година (за продолжување на важноста на договорот).

3.1.2. Со извршената ревизија на начинот на извршениот попис, превземените активности по истиот и содржината на извештајот изработен од пописната комисија за попис на средствата и обврските со состојба 31.12.2012 година ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со одредбите на законските, подзаконските прописи и интерното Упатство, кои ја уредуваат оваа област односно:

- во Извештајот за извршениот попис на средствата и обврските изготвен од комисијата за попис наведени се само прилозите кон истиот, без притоа истиот да содржи и податоци за вкупната вредност на средствата и обврските по утврдената состојба со попис и нивната вредност по сметководствената евиденција како основ за утврдување на материјалните разлики (кусок, вишок, расход/отпис) односно податоци за извршено усогласување на двете состојби и без наведување на предлогот за расход;
- не е презентиран акт за извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на попишаните средства и обврски;
- како физички попис на опремата по локации на кои истата се наоѓа презентирана е листа со наслов „ознака на опис на инвентар“ која содржи податоци за инвентарен број на секое средство и назив на истото, без податоци за извршено физичко пребројување на наведената опрема;
- не се презентирани пописни листи со податоци за физички попис/физичко пребројување на залихите (материјали за АОП, ситен инвентар во употреба, средства за хигиена, материјали на залиха) кои би претставувале основ за изработка на пописните листи со податоци за нивната вредност (од 366 илјади денари);
- во прегледот, побарувањата од вработени пописната комисија не навела податоци за периодот од кога потекнуваат истите и дека истото се однесува за едно лице;
- прегледот на неподмирени обврски не содржи податоци за старосната структура на обврските (освен обврските за закуп на становите на судиите);
- во посебниот акт/предлогот за расход, не се наведуваат износите на ревалоризираната набавна вредност, ревалоризараната амортизација односно сегашната вредност со состојба на 31.12.2012 година по кои истото е искажана во деловните книги.

Наведените состојби не се во согласност со член 21 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници; со член 29, 31-а, 31-в и 33 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Упатството за спроведување на постапката за попис[3]. Утврдената состојба предизвикува органите на управување да не располагаат со соодветни

[3] донесено од Претседателот на Управниот суд, архивирано под Су.бр.02-426/13 од 31.05.2012 година

податоци при донесувањето на нивните одлуки, оневозможуваат потврдување на средствата и обврските и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за целосна имплементација на законските, подзаконските акти и интерно донесеното Упатство од страна на лицата задолжени за вршење на попис.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од утврдената состојба предизвикува неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните обврски на име надомест за користење на електрична и топлинска енергија, надомест за потрошена вода, итн. како и недоследности во извршувањето на пописот.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според, наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. финансискиот извештај Биланс на состојба не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Управниот суд Скопје на ден 31 декември 2012 година.

Според, наше мислење, финансискиот извештај Биланс на приходите и расходите ги претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти на Управниот суд Скопје за 2012 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Управниот суд Скопје, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

5.1. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/06, 62/06, 35/08, 150/10 и 39/12) е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен со „Судска

власт“. Постапката за изготвување, утврдување и извршување на Судскиот буџет е уредена со Законот за судскиот Буџет („Службен весник на Република Македонија“ 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10). Со член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет е уредено дека делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република Македонија, потребни за функционирање на единките корисници да го достигне предвидениот процент од 0,8% од бруто домашниот производ, со одредена динамика започнувајќи од 2012-2015 година. Во 2012 година предвидено е истиот да достигне ниво од 0,5% од БДП. Но, имајќи го во предвид изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2012 година (“Службен весник на Република Македонија“ број 71 од 07.06.2012 година), нивото на обезбедени средства изнесува 0,38% поради што надлежното министерство и Судскиот буџетски совет потребно е да преземат соодветни мерки и активности за обезбедување на потребните средства и обезбедување услови за непречено функционирање на судската власт. Утврдената состојба влијае да не се обезбедат потребните средства за финансирање на судската власт.

Наведената состојба предизвикува Управниот суд Скопје со состојба 31.12.2011 година да пренесе неподмирени превземени обврски (за ставките комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар и договорни услуги) во износ од 3.066 илјади денари, односно за 2012 година да му бидат одобрени 6.478 илјади денари  (што претставува 67,89% од потребните средства), а истиот да изврши расходи во износ од 6.030 илјади денари и да превземе обврски за 2012 година над одобрениот финансиски план во износ од 3.591 илјада денари, што е еднакво на вкупните неподмирени обврски, односно вкупните потреби изнесувале 9.621 илјади денари (графикон). Оваа состојба укажува на фактот дека Управниот суд Скопје за тековната 2012 година имал на раполагање 3.417 илјада денари за преземените обврски или  52,71% од реално потребните средства.

Необезбедувањето на потребните средства за финансирање на судската власт влијае на: условите за извршување на надлежностите на судската власт; нарушување на едно од основното буџетско начело „сеопфатност“ при изготвување, донесување, извршување и известување за извршувањето на Буџетот на Република Македонија и преземање на обврски надвор од одобрените средства со финансискиот план, што е спротивно на член 7 став 2 од Законот за буџетите.




5.2. Со споредба на податоците во делот на предвидените работни места во Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Управниот суд (пречистени текстови) со фактичкиот број на вработени со состојба 31.12.2012 година утврдено е дека предвидениот број на работни места е пополнет 32,85%.

| **Работно место** | **Предвидено** | **Пополнето** | **Непополнето** |
|---|---|---|---|
| 1. СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ | | | |
| Раководни судски службеници | 15 | 2 | 13 |
| Стручни судски службеници | 41 | 21 | 20 |
| Административно технички службеници | 64 | 19 | 45 |
| 2. ВРАБОТЕНИ ПО ЗРО | 10 | 0 | 10 |
| 3. СУДСКА ПОЛИЦИЈА | 7 | 3 | 4 |
| **ВКУПНО:** | **137** | **45** | **92** |

Ваквата состојба има влијание на соодветното навремено одлучување при решавање на приливот на предмети за кои е надлежен да решава Управниот суд и тоа графички прикажано подолу:




Известуваме дека Управниот суд на ден 09.01.2013 година писмено доставил информација до надлежните органи[4], во која ги наведува сите објективни околности кои имаат влијание на неговото нормално функционирање и остварувањето на програмските цели и тоа: недоволен број на вработени лица во рамките на судската служба, континуирано зголемување на бројот на ново примените предмети, започнувајќи од 2008 година и понатаму и несоодветен и недоволен деловниот простор кој го користи и е на располагање на Управниот суд.

5.3. Во посебна пописна листа изготвена од комисијата за попис (за 2012 година) која се однесува на опрема за кои нема финансиска вредност (бидејќи „не постои доказ за вредност“) е наведено дека Министерството за правда на Република Македонија и Судскиот буџетски совет на Управниот суд Скопје со реверс отстапиле и тоа: 15 комјутери, 1 киоск и 2 монитори/дисплеји. За истите не е склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Управниот суд и наведените државни органите за отстапените движни ствари со податоци за вредноста на истите по кои ќе се изврши нивно изкажување во деловните книги. Управниот суд заедно со надлежните органи да превземе мерки и активности за уредување на меѓусебните права и обврски за начинот на преостапување на наведената опрема како и утврдување на вредносни показатели како основ за нивно искажување во деловните книги/финансиските извештаи.

5.4. Во текот на ревизијата од страна на субјектот извршени се корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат

[4] Министерство за правда на РМ, Судски совет на РМ, Врховен суд на РМ и Виш управен суд.

промени во активата и пасивата на финансискиот извештај - Биланс на состојба, спроведени во повеќе налози за книжење и тоа:

- налог за книжење број 06-1 од 30.04.2013 година со кој е извршено зголемување на вредноста на вкупната актива/пасива за износ од 902 илјади денари, поради непреземени активности за пресметување и евидентирање на амортизација и ревалоризација за 2012 година на расходуваното средство и несоодветна евиденција на пресметаната ревалоризација на ревалоризаната набавна вредност и на ревалоризаната исправка на вредност на набавените материјални средства во претходни години и на новонабавените во 2012 година;
- налог за книжење број 06/2 од 30.04.2013 година со кој е извршена соодветна евиденција на нематеријалното средство софтвер СИС кое во деловните книги за известувачкиот период е искажано на сметките на материјалните средства. Прекнижувањето од сметка на материјални средства на сметка на нематеријални средства за износ од 323 илјади денари (ревалоризирана набавната вредност) и износ од 373 илјади денари (ревалоризирана исправка на вредност/амортизација).

Скопје, 16.07.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 55,459 | 46,539 |
| **Вкупно приходи** | **55,459** | **46,539** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 49,429 | 41,177 |
| Стоки и услуги | 5,983 | 5,347 |
| Субвенции и трансфери | 15 | 15 |
| **Вкупно тековни расходи** | **55,427** | **46,539** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 32 | - |
| **Вкупно капитални расходи** | **32** | - |
| **Вкупно расходи** | **55,459** | **46,539** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 87 | 35 |
| Активни временски разграничувања | 7,697 | 6,957 |
| Залихи | 366 | 657 |
| **Вкупно тековни средства** | **8,150** | **7,649** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 6,054 | 7,442 |
| **Вкупно постојани средства** | **6,054** | **7,442** |
| **Вкупна актива** | **14,204** | **15,091** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3,121 | 3,066 |
| Краткорочни финансиски обврски | 470 | - |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4,106 | 3,891 |
| Пасивни временски разграничувања | 87 | 35 |
| **Вкупно тековни обврски** | **7,784** | **6,992** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 6,420 | 8,099 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **6,420** | **8,099** |
| **Вкупна пасива** | **14,204** | **15,091** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **7,442** | **657** | **8,099** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,822** | **686** | **2,508** |
| Набавки | 970 | 686 | 1,656 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | 852 | | 852 |
| **Намалување по основ на:** | **3,210** | **977** | **4,187** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 581 | | 581 |
| Останато намалување | 98 | | |
| Амортизација | 2,531 | 977 | 3,508 |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **6,054** | **366** | **6,420** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
1. ______________________
2. ______________________ ____________________________
3. ______________________